SUPPORT TO ELECTORAL REFORMS
ПОДДРШКА НА ИЗБОРНИ РЕФОРМИ
MBËSHTETJE E REFORMAVE ZGJEDHORE




# ПОЗИЦИСКИ ДОКУМЕНТ

## *Препораки за подобрување на благосостојбата, личниот, социјалниот и професионалниот живот на младите*

Schweizerische Eidgenossenschaft
Confédération suisse
Confederazione Svizzera
Confederaziun svizra

Swiss Agency for Development
and Cooperation SDC

International Foundation
for Electoral Systems

SUPPORT TO ELECTORAL REFORMS
ПОДДРШКА НА ИЗБОРНИ РЕФОРМИ
MBËSHTETJE E REFORMAVE ZGJEDHORE

**Документ со препораки -** *Подобрување на благосостојбата, личниот, социјалниот и професионалниот живот на младите*

# Вовед

Документот со препораки од младите беше подготвен за време на имплементацијата на проектот „Биди креатор на својата автономна зона – Младински Центар“ чија цел е да се даде придонес кон зголемување на политичката одговорност и транспарентност во локалната заедница.

Во позицискиот документ се вметнати препораките дадени од младите лица при реализација на **три Инфо денови** преку методот „Булевар на мислења” (Opinion Boulevard) каде што младите преку видливо поставени табли имаа можност да дадат мислење за тоа „Каков тип на активности и услуги треба да нуди Младинскиот Центар?”

Користејќи ги можностите за дигитално младинско учество преку организирани **пет работилници со млади средношколци**, се овозможи дигитално учество на младите односно користејќи ги дигиталните платформи да го искажат својот глас и своето мислење за тоа кои активности сакаат да се реализираат во идниот Младински Центар во Прилеп.

Проектот „Биди креатор на својата автономна зона – Младински Центар” обезбеди и изработка на **три аудио и три видео поткасти** преку кои младите споделија свои размислувања за какви активности треба да нуди еден Младински Центар и испратија мотивирачки и застапувачки пораки до локалните власти со цел да ги потсетат за нивното предизборно ветување. За крај, како потврда за потребата од оваа иницијатива беа реализирани **четири настани за собирање потписи** т.е петиции со цел да се обезбеди поголема поддршка од заедницата за прашањето кое го застапувавме кои беа потпишани од вкупно 606 лица.

На веб платформата www.iniciraj.mk беше поставена иновативната иницијатива - Отворање на Младински Центар во Прилеп, каде што младите даваа коментари, сопствени идеи, мислења и ставови. Сите овие активности Младински Совет Прилеп ги реализираше во периодот од 1 ноември 2022 година до 30 април 2023 година. Документот со препораки беше подготвен земајќи ги во предвид препораките на младите луѓе, со цел да влијаеме на локалните власти во унапредувањето на транспарентноста и да ги повикаме на одговорност за отворање на Младински Центар, а истиот ќе биде доставен до Градоначалникот и Советот на Општина Прилеп.

Schweizerische Eidgenossenschaft
Confédération suisse
Confederazione Svizzera
Confederaziun svizra

Swiss Agency for Development
and Cooperation SDC

International Foundation
for Electoral Systems

## Позиција

Непостоењето на понуда за младите, структурираниот пристап во обезбедување на простор каде ќе може да се спроведува системска поддршка на личниот развој на младите луѓе и нивно вклучување во животот на заедницата, ја наметнуваат потребата за отворање и функционирање на Младински центри.

Младинското учество во донесување на одлуки претставува консултативен процес кога младите активно учествуваат во општествените процеси кои се од нивни интерес. Ако сакаме да изградиме демократски, инклузивни и просперитетни општества, мора да ги вклучиме младите во процесот на донесување одлуки.

Младинското учество, од 2020 година, е законски регулирано со Законот за младинско учество и младински политики (ЗМУМП), притоа важно е младите да имаат алатки, простор, можности и поддршка за учество и влијание врз одлуките, да се вклучат во активности со цел да придонесат кон развојот на заедницата.

Локалните и националните власти со поддршка на граѓанскиот сектор треба да промовираат можности и обезбедуваат поддршка за младите, без разлика дали на централно или локално ниво, креаторите на политики треба да придонесат и да создадат амбиент во кој младите ќе имаат право на еднакви шанси, ќе се слуша нивниот глас, ќе бидат прашани, консултирани и вклучени во процесите на донесување одлуки.

Институциите треба да ги создадат овие можности со цел младите активно да учествуваат во донесувањето на одлуки кои се од нивни интерес преку доставување на иницијативи и понатамошен дијалог за нивна реализација.

Младите како динамична социјална група, имаат потреба од зголемена поддршка од страна на институциите и право на консултација во однос на прашања кои се од нивни интерес. Овозможувањето на младите директно да влијаат во процесот на донесувањето одлуки им помага да креираат позитивен однос со нивните заедници и ги прави сигурни дека услугите ќе ги задоволат нивните потреби.

Токму затоа, имплементацијата на Законот за младинско учество и младински политики треба да обезбеди подобра комуникација помеѓу самите институции на локално и државно ниво како и со граѓанскиот сектор, поголемо одвојување средства од институциите за младински развој се компонентите што дополнително ќе влијаат врз младинскиот активизам и нивно посилно учество во општествените случувања.

# Анализа на состојбата

Со донесувањето на Законот за младинско учество и младински политики во јануари 2020 година (глава VII, член 22)[1], за прв пат во Македонија беа дефинирани младинските центри како еден од видовите сервиси за млади. „Младинските центри се места каде се подготвуваат и спроведуваат програми кои ја подобруваат благосостојбата на младите, личниот развој и нивниот социјален и професионален живот. Во Младинските центри се обезбедуваат информации од важен интерес за младите и други аспекти од нивниот живот“. Со донесувањето на овој закон беше воведена и **обврска за сите општини да овозможат функционирање на најмалку еден младински центар во рок од 5 години од донесувањето на законот.** Во согласност со Законот, младинските центри се основаат во соработка помеѓу општините и младинските форми на организирање во локалните заедници.

Според *Правилникот за стандарди за квалитет на младинските центри*[2], донесен од страна на Агенција за млади и спорт, младинските центри треба да постојат во сите единици на локалната самоуправа кои треба да ги обезбедат условите за функционирање и минимум финансиски средства за нивно непречено делување во заедницата.

Во моментот во Македонија се отворени вкупно осум младински центри, четири младински центри се отворени според ЗМУМП и тоа во: Кавадарци, Куманово, Велес и во Охрид, останатите четири младински центри се отворени со донаторска поддршка и тие функционираат пред донесувањето на Законот за младинско учество и младински политики, а два младински центри се во процедура на воспоставување – во Пробиштип и Битола.

Во Општина Прилеп на локалните избори во 2021 година, мнозинството на членови во Советот на Општината како и градоначалничкото место го освои партијата ВМРО – ДПМНЕ, па така според анализата на предизборната програма “За Прилеп гарантираме, создади нова иднина“ на кандидатот за градоначалник Борче Јовчески, во поглавје 16.2, утврдивме дека беше ветено отворање и менаџирање на Младински центар во Прилеп. Всушност ова е и единственото ветување во оваа политичка програма за младите во Општина Прилеп. Дополнително од направената анализа на јавно достапните информации може да се потврди дека оваа предлог активност не беше содржана во работниот план и буџет на ЕЛС за 2022 ниту за 2023 година.

[1] https://www.pravdiko.mk/wp-content/uploads/2020/03/Zakon-za-mladinsko-uchestvo-i-mladinski-politiki-16-01-2020.pdf
[2] Standardi.pdf (smr.org.mk)

SUPPORT TO ELECTORAL REFORMS
ПОДДРШКА НА ИЗБОРНИ РЕФОРМИ
MBËSHTETJE E REFORMAVE ZGJEDHORE

# Препораки

Во согласност со позицијата утврдена со овој документ, младите лица учесници во проектот „Биди креатор на својата автономна зона – Младински Центар" ги дефинираа следните препораки до креаторите на младински политики на локално ниво во Општина Прилеп.

Отворање и раководење на Младински Центар кој ќе биде наменет за активности во кои ќе можат да се вклучат младите во Прилеп, со тоа што ќе им се овозможи простор каде што ќе можат квалитетно да го поминуваат слободното време, да разменуваат идеи, да се надоградуваат, да посетуваат работилници на теми кои ќе бидат корисни за нив, слободно да се изразуваат, а со тоа и да се поткрене свеста кај младите за да се направи нешто поразлично.

Препораките на младите се однесуваат на активностите и услугите кои тие сметаат дека треба да ги нуди Младинскиот Центар во Прилеп. Во продолжение е листа со предлог активности како најинтензивни барања и желби на младите:

- Младинскиот Центар да содржи катче за играње шах, табла, билјард, не лути се човече и слични рекреативни игри.
- Младинскиот Центар да содржи катче за литературни и драмски секции кои ќе вклучуваат читање книги, формирање на Клуб на читатели и организирање на настани за дебатирање и дискусии меѓу читателите.
- Младинскиот Центар да содржи „Chill Зона" или „Релаксирана Зона" во која ќе има филмски проекции и кафе бар.
- Младинскиот Центар да содржи простор за концерти, ликовни изложби, односно ликовни и уметнички секции.
- Младинскиот Центар да содржи мултимедијална соба бидејќи во неа младите може да се стекнат со поголем број на вештини за работа со современа технологија, како и поголеми знаења од областа на безбедноста при работа на дигитални платформи, интернет, социјални мрежи, како и подобрување на компетенциите за работа со апликативен софтвер кој е потребен за нас како корисници и многу други квалификации кои се имплементирани во процесот на дигитализација.
- Младинскиот Центар да содржи простор за едукативни работилници од неформално образование и обука, простории за млади каде што младите од Прилеп ќе имаат можност да волонтираат и да се дружат, во овој простор да
- се спроведуваат и работилници за изучување и подобрување на странските јазици преку дружба, дискусија, забавни и едукативни игри.

SUPPORT TO ELECTORAL REFORMS

ПОДДРШКА НА ИЗБОРНИ РЕФОРМИ

MBËSHTETJE E REFORMAVE ZGJEDHORE

ЗОНА НА МЛАДИ

Младински Центар

Оваа публикација е изработена во рамките на проектот „Поддршка на изборните реформи“ на Владата на Швајцарија, имплементиран од Меѓународна фондација за изборни системи (ИФЕС). Искажаните ставови, мислења и содржини во оваа публикација не мора да ги отсликуваат ставовите на донаторот, проектот или имплементаторот.

Schweizerische Eidgenossenschaft
Confédération suisse
Confederazione Svizzera
Confederaziun svizra

Swiss Agency for Development and Cooperation SDC

International Foundation for Electoral Systems